*Максим;* Лазо Кароски, *Изразната фактура на македонските револуционерни народни песни за Илинденското востание;* Танас Вражиновски, *Илинденскиот револуционерен прозен фолклор;* Пецо Србиновски, *Илинден во ликовното творештво на Тоде Ивановски.*

Во овој зборник се поместени уште три реферати, кои третираат различни прашања и тоа: Воислав Јаќоски, *Илинденските настани во спомените на еден современик и учесник;* Тодорка Шапкалиска, *Јазикот на Крушевскиот манифест;* Благоја Цветковски, *Дидактичка опсервација на Крушевскиот манифест.*

Поголем број од рефератите и соопштенијата објавени во зборникот *Прилози за Илинден* 1978, II се значаен прилог за посестраното расветлување на борбата на македонскиот народ за национално и социјално ослободување од крајот на XIX и почетокот на XX век и претставуваат голем придонес за македонската историографија. Во исто време овој зборник има големо значење не само за научните работници од повеќе научни области, туку и за пошироката читачка публика кај нас.

Двата регистри, едниот на лични имиња, а вториот на географски, етнички, државно-правни и други поими, поместени на крајот на зборникот овозможуваат полесно користење на овој обемен зборник.

Даринка ПАЧЕМСКА

## ПРИЛЕП И ПРИЛЕПСКО ВО НОВ 1942 ГОДИНА

**(Материјал од Научниот собир одржан на 13, 14 и 15 декември 1976 година), Скопје 1978, кн. I — 528 стр., кн. II — 555 стр.**

Појавата на Зборникот „Прилеп и Прилепско во НОВ 1942 година“ претставува значаен придонес во објаснувањето на историскиот процес на НОВ и Револуцијата од овој дел на Македонија. Во него се објавени материјали од Научниот собир, одржан на 13, 14 и 15 декември 1976 година во Прилеп. Врз база на историската документација, реконструкцијата на партиската организација, а и врз мемоарскиот материјал, учесниците на Научниот собир дадоа успешни разрешувања на редица проблеми, кои се секако со трајна вредност за историјата на градот.

Во Зборников се опфатени 54 реферати и соопштенија. Покрај нив, во него, се поместени: Уводниот и Завршниот збор на Борко Темелкоски, претседател на Организациониот одбор на научниот собир „Прилеп и Прилепско во НОВ 1942 година“, потоа Сеќавања, Извод од дискусијата, Регистар на лични имиња и Регистар на географски имиња.

Бројот на поднесените реферати говори за сè поголемиот интерес на научните работници кон проучувањето на историјата на македонскиот народ. Во нив, револуционерната 1942 година е третирана и обработена, така

што го опфаќа целиот Прилепски регион, не запоставувајќи го развојот на народноослободителното движење и на соседните подрачја. Структурата на рефератите е таква што дава можност да се направи еден комплексен осврт на животот и настаните во тоа време, како и на револуционерната борба на Партијата и борците на народноослободителното движење.

Рефератите и соопштенијата обработуваат широка проблематика: политичка, воена, општествено-економска, социјална, партиска, културно-уметничка, музичка, здравствена и така натаму. Со оглед на обемниот број на реферати, ќе си дозволиме истите само да ги соопштиме: Борко Темелкоски — Лилјак „Некои специфичности на НОБ во Македонија и Прилепската партиска организација во 1942 година"; Вера Ацева „Јануарското советување и наставните што доведоа до него"; Цветко Узуновски „Белешки за некои состојби и услови на НОД во Македонија во кои дејствуваше и Прилепската партиска организација"; Михаило Апостолски „Некои аспекти од тактиката на НОВ и Револуцијата во Македонија"; Петар Пепељуговски „Некои прашања од развитокот на вооружената борба во Прилепско во 1942 година"; Миле Тодоровски „Осврт на партизанските дејства во Прилепско во 1942 година, нивниот одглас и некои последици"; Велимир Брезоски „За некои особености во развојот на вооружената борба во Прилеп и Прилепско во 1941 и 1942 година"; Александар Конески — Цане „Дејноста на Месниот штаб во Прилеп и Прилепско во 1941—1942 година"; Драган Дамески — Циглар „Дејноста на Партиската комисија при МК Прилеп за работа по селата, нејзиниот организационен состав и работата на партиските организации и групи во Прилепско во текот на 1942 година"; Славка Фиданова „Некои моменти од активноста на четничката организација на Дража Михаиловиќ во Прилепско во 1942 година"; Петар Качавенда „СКОЈ у Прилепу и околини 1942 године"; Ѓорѓе Печијарески „Од работата и активноста на средношколската младина (СКОЈ) во Прилеп во периодот 1941—1942 година"; Трајко Коневски „Идеолошко-марксистичките основи на револуционерното движење во Прилеп и Прилепско во 1941 и 1942 година"; Благоја Бошкоски — Дабичо „Формирањето на Прилепскиот партизански одред „Димитар Влахов" во 1942 година"; Илија Андреевски — Кагин „Митинзи одржани од партизанскиот одред „Димитар Влахов" во летото и есента 1942 година"; Благоја Бошкоски — Дабичо „Борбата на Мукос на Втората чета на Прилепскиот одред „Димитар Влахов" на 14 септември 1942 година" Петар Пепељуговски „Формирањето на одредот „Ѓорче Петров" и борбата на Првата чета кај манастирот Прилепец во 1942 година"; Илија Беличанец „Ставот на Партиската организација во врска со мобилизацијата и служењето во бугарската окупаторска војска"; Димче Јовановски — Дабовски, Петар Трајаноски, Методија Ко-

нески „Економската положба на Прилеп што ја наследи окупаторот и неговите иницијативи за експлоатација на некои стопански дјности“; Никола Живковиќ „Експлоатација националног богатства Прилепа и његове околине од стране окупатора у току Другог светског рата“; Томо Ристовски „Борбата на КПЈ за единство на масите во Прилеп и Прилепско во 1942 година“; Боро Мокров „Народен глас“ — — глас на вистината и борбата“; Наум Димовски „Ропотово во НОВ во 1941—1942 година“; Лазо Хаџи-Поповски „Соработката меѓу Прилепската и Битолската партиска организација во периодот на 1941—1942 година“; Милан Стојковски „Положбата на прилепските села и нивниот придонес за НОБ во 1941 и 1942 година“; Јован Тиквароски „Организираната борба на младите работници во работилниците за преработка на момирок во 1942 година“; Пети Викторија „Врските помеѓу Прилепската и Крушевската организација на КПЈ за Македонија во периодот 1941 —1942 година“; Ѓорѓи Димовски — Цолев „Прилепски партизани во битолскиот одред „Пелистер“; Ристо Ј. Бајалски „Одразот на заклучоците на МК на КПЈ — Прилеп од 7. IV 1941 година врз работата на организацијата на КПЈ во Гевгелиско“; Миле Михајлов „Прилепски партиски раководни кадри на работа низ Македонија, јануари—декември 1942 година“; Милан М. Миладиновиќ „Лик борца НОР-а и социјалистичке револуције Прилепа и околине 1942 године“; Александар Христов „Етичките вредности во НОВ и револуцијата во Прилеп и Прилепско“; Милан Обрадовиќ „Обавештајна служба и систем безбедности НОП-а Прилепа и околине у 1942 години“; Глигор Тофоски „Обезбедување на медицинсколекарска помош на лица прогонети од полицијата во 1941—1942 година во Прилеп“; Новица Велјановски „За карактерот на фашистичките бугарски правни извори во периодот 1941—1944 година и осврт на нивната примена во Прилеп и Прилепско во 1942 година“; Галена Куцуловска „Судските процеси во Прилеп и Прилепско во 1942 година“; Јордан Тодороски — Шемко „Некои од формите на илегалната активност на Прилепската партиска организација во периодот 1941—1942 година“; Вера Весковиќ — Вангели „За херојското држење на жените Прилепчанки во 1941 и 1942 година низ неколку документи на бугарската полиција“; Растислав Терзиоски „Бугарскиот дневен весник „Целокупна България“ од 1941—1942 година за приликите во Прилеп“; Димитар Мицкоски „Методите и средствата на непријателската пропаганда во Прилеп и Прилепско во 1941—1942 година“; Хранислав Ракиќ „Сличности у развоју НОП-а у прилепском и лесковачком крају 1942 године“; Љубен Шукуроски „Активноста на жените и младинките во Варош во ослободителното движење во 1941 и 1942 година“; Борис Павловски „Обиди за реализирање на задачите на Главниот штаб за поврзување на одредите „Ѓорче Петров“ и „Јане Сандански“; Боро Митров-

ски „Жестока пресметка на бугарскиот окупатор со разгореното востание во 1942 година“; Димче Митрески — Јавашо „Теророт на окупаторот во Прилеп и Прилепско во текот на 1941—1942 година“; Ценка Тутеска и Ратка Јованоска — Крстеска „Апсењето на членовите на Месниот комитет на КПЈ во Прилеп и Прилепско во текот на 1942 година и нивното држење во затворите“; Димитар Димески „Дабничкиот масакр во 1942 година“; Данчо Стојчески „Дабничкото клање“; Лазо Каровски „Настани од НОБ во Прилеп Прилепско (1942) како предмет и инспирација на народната и уметничката литература“; Воислав Јаќоски „Прилеп и херои борци од Прилепско во народната песна во НОБ“; Блаже Ристовски „Поезијата на македонски јазик создавана во пазувите на ослободителното движење во Прилеп и Прилепско во 1941 и 1942 година“; Гоце Стефаноски „Литературниот живот во Прилеп во 1942 година“; Властимир Николовски „Музиката и музицирањето во НОВ во Прилеп и Прилепско во 1942 година“; Симо Младеновски „Мемоарските материјали како историски извори за историјата на Прилеп и Прилепско во НОВ и Револуцијата“.

Со свои сеќавања во Зборников се застапени: Блага Рампова —Белчева „Прилог кон материјалите за апсењата на комунисти во Прилеп во 1942 година“; Златко Билјанановски „Врските на одредот ‚Питу Гули‘ со Прилепската партиска организација во 1942 година“; Димче Митрески — Јавашо „Портрет — сеќавања за Јоска Ордани — Сандански“; Благоја Цветкоски „Сеќавања за револуционерниот лик на Ристе Ристески — Ричко“; Параскева Петровска — Ковачевиќ „Сеќавања за работата на илегалната партиска печатница во Прилеп“; Киро Базерко „Подготовки за организирање на радиоврски, сигнализација и диверзии во Прилепско во 1941 година“; Гоце Стефаноски „Радиовестите и Радиовесникот ‘Народен глас‘ во 1942 година“; Калина Попадиноска „Сеќавање за некои моменти од активноста на Партиската организација во Варош во 1942 година; Ристовски Киро „Нов прилог за една диверзантска акција во 1941 година“; Стеван Иваноски — Абакот „Еден успешен атентат“; Љубен Георгиевски — Љупта „Диверзантски дејства и акции“; Димче Марковски — Кафе „Реквизицијата на жито од страна на бугарските окупациони власти во 1942 година и отпорот на партиската организација на Прилеп“; Милан Костов Стефаноски — Подземски „Сеќавања за некои настани од 1942 година“.

Своевиден придонес во разјаснувањето на одделни настани претставува извонредно конструктивната дискусија, во која учествуваа 37 дискутанти.

Богатата аргументираност на прилозите, регистрите и пред сè резимеата на англиски јазик за секој труд поодделно му даваат на овој Зборник простори за широко користење.

16*

Сè ова претставува позитивен придонес во научното разработување на историјата на Народноослободителната борба на подрачјето на Прилеп и Прилепско и едновремено е придонес и во историографијата која се однесува на Народноослободителната борба на сите народи и народности на Југославија.

Надежда ЦВЕТКОВСКА

## ИЗВОРИ ЗА ОСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА И РЕВОЛУЦИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА 1941—1945, Том I, книга 6, Скопје, 1979, 489.

Во издание на Институтот за национална историја, а по повод 30-годишнината од победата над фашизмот и ослободувањето на Југославија, неодамна излезе од печат шестата книга од серијата „Извори за ослободителната војна и револуцијата во Македонија 1941—1945", том I, во кој се поместуваат документите и материјали на Комунистичката партија на Југославија и Комунистичката партија на Македонија, во избор и редакција на д-р Велимир Брезоски.

Со објавувањето на шестата книга, која содржи документи и материјали на Петтиот обласен комитет на Комунистичката партија на Македонија (КПМ) септември 1943 — јули 1944, продолжува натамошното објавување на документите на обласните односно на окружните комитети на КПМ. Првите три книги од овој том, објавени во 1968 и 1970 година, ги содржат документите од Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија и Централниот комитет на КПМ, а четвртата и петта книга објавени во 1975, ги содржат документите од Вториот обласен комитет на КПМ.

Петтиот обласен комитет, чии документи се објавуваат во книгата, беше формиран кон крајот на август 1943 година и ја опфаќаше територијата на Скопје, Куманово, Крива Паланка, Кратово и Прешево. Тој дејствуваше до новата територијална поделба на Македонија што беше извршена во почетокот на август 1944 година, кога е укината оваа област, а нејзината територија влезе во составот на Првата област, односно Првиот обласен комитет на КПМ.

Покрај документите од Петтиот обласен комитет, во книгата се објавуваат и 10 документи од Окружниот комитет на КПМ, кој беше формиран во почетокот на март 1944 година и ја опфаќаше територијата на Куманово, Крива Паланка и Кратово, како тело што непосредно раководеше со организациите во овие места и што беа во составот на Петтиот обласен комитет. Исто така, се објавуваат писмата и извештаите на Љупчо Арсов, кој од јули до почетокот на август 1944 година во Скопје дејствуваше како инструктор на ЦК КПМ.